**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ

| I | Тема | Актива пондерирана според кредитниот ризик |
|---|---|---|
| 1. | Прашање | Дали има разлика во третманот на побарувањата од друштва за управување со инвестициски/пензиски фондови и вложувањата во инвестициските/пензиските фондови со кои управува тоа друштво? |
| | Одговор | Банката треба да прави разлика помеѓу третманот на побарувањата од друштва за управување со инвестициски/пензиски фондови и вложувањата во инвестициските/пензиските фондови со кои управува тоа друштво, иако во најголем број случаи и едната и другата изложеност би се пондерирале со ист пондер на ризичност:<br><br>1. Побарувањата од друштво за управување со инвестициски/пензиски фондови ги вклучува побарувањата врз основа на одобрени кредити и други слични облици на изложеност на кредитен ризик и побарувањата коишто произлегуваат од вложувањата во капиталот на тоа друштво. И двата вида побарувања се дел од активата пондерирана според кредитниот ризик, но може да имаат различен пондер. Првиот вид изложеност најчесто се пондерира со пондер на ризичност - 100%, освен доколку побарувањето не е обезбедено со инструмент којшто дозволува користење понизок пондер на ризичност. И вториот вид побарувања најчесто се пондерира со пондер на ризичност - 100%, освен доколку согласно со точка 17 од Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (во понатамошниот текст: Одлуката), не претставуваат одбитна ставка од сопствените средства (во тој случај се пондерираат со пондер на ризичност - 0%);<br>2. Вложувањата во инвестициските/пензиските фондови се вклучуваат во утврдувањето на активата пондерирана според кредитниот ризик, доколку се дел од портфолиото на банкарски активности. Во овој случај, речиси секогаш, вложувањата се пондерираат со пондер на ризичност - 100%. |
| | Датум на објавување на одговорот | 14.07.2009 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Прашање | Дали кредитите земени за изградба на станови или за купување станови коишто клиентот понатаму планира да ги издава, а што се обезбедени со хипотека на тие станбени објекти, се сметаат за станбени кредити за кои важи пондер на ризичност од 50%? |
| | Одговор | Целта на понискиот пондер на ризичност предвиден за станбени кредити коишто се целосно обезбедени со хипотеки на станбени објекти е да ги опфати кредитите одобрени на физички лица за купување станбен објект во кој живее или планира да живее физичкото лице или којшто физичкото лице ќе го издава под наем за живеење. Понискиот пондер не може да се користи за кредити коишто се одобруваат на правни лица - градежни фирми или изведувачи на градежни работи, заради изградба на станбени објекти или за купување станови заради нивно натамошно издавање. |
| | Датум на објавување на одговорот | 14.07.2009 |
| 3. | Прашање | Што се подразбира под терминот „експлицитна гаранција“? |
| | Одговор | Експлицитна гаранција издадена од Република Македонија, Европската централна банка и владите и централните банки на земјите-членки на Европската унија, Швајцарија, Канада, Јапонија, Австралија, Норвешка и САД за работењето и обврските на институциите основани од нивна страна, подразбира постоење посебен закон или друг пропис од кој ќе може недвосмислено да се утврди постоењето на ваква гаранција. Со гаранцијата треба да биде покриен начинот на финансирање на тие институции, а пред с₵, начинот на покривање на обврските/загубата од работењето. |
| | Датум на објавување на одговорот | 14.07.2009 |
| 4. | Прашање | Каде треба да се прикаже акумулираната амортизација за позициите на банката во земјиште, недвижности и опрема, евидентирани на соодветниот дел од сметките 01 и 02? |
| | Одговор | Акумулираната амортизација евидентирана на соодветниот дел од сметките 01 и 02 е амортизација на основни средства и не треба да се изедначува со акумулираната амортизација којашто се пресметува за изложеностите на банката на кредитен ризик, прикажани на класите 3, 4 и 5, иако во овој момент овие две категории се со ист назив (опис). Оттука, овој износ на акумулирана амортизација евидентирана на соодветниот дел од сметките 01 и 02 е дел од сметководствената вредност на позициите на банката во земјиште, недвижности и опрема (колона бр. 3 од Образецот АПКР). |
| | Датум на објавување на одговорот | 14.07.2009 |